# Оглас за вработување на три (3) работници во рамки на Проектот: „Селото за градот, градот за селото“, за Аквапоника ДООЕЛ Увоз Извоз Скопје во с. Орешани

15.11.2022

Здружението Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој во рамки на проектот Поддршка на социјалните претпријатија преку следење на принципот - "Не оставај никој зад себе" има потреба **три (3) работници** кои ќе работат 40 часа неделно (полно работно време) во рамки на Проектот: „Селото за градот, градот за селото“, за Аквапоника ДООЕЛ Увоз Извоз Скопје во с. Орешани почнувајќи од ноември/декември 2022 година.

## За Проектот "Поддршка на Социјалните Претпријатија следејќи го приниципот- Не оставај никој зад себе"

Проектот "Поддршка на Социјалните Претпријатија следејќи го приниципот- Не оставај никој зад себе" е финансиран од Европската Унија.
Главна цел на проектот е да овозможи поддршка за развој на нови и постојните социјални претпријатија, да ја зајакне нивната економска независност преку следење на принципот "Не оставај никој зад себе",и има за цел да ги подобри оперативните капацитети и одржливост на веќе постоечките и новите социјални претпријатија и креира нови работни места за ранливите групи граѓани и лица со попреченост.
Проектот ќе придонесе за поволни услови за работа на социјални претпријатија, преку поддршка за воспоставување нови и подобрување на оперативните капацитети на најмалку 6 социјални претпријатија, а истовремено ќе поддржи нови вработувања на најмалку 9 лица од ранливите групи (лица со попреченост, жени во ризик и долгорочно невработени). Имајќи ги предвид потребите и ограничувањата на ниво на целата земја, главните ограничувања во земјата се недостатокот на знаење и свесност за социјалното претприемништво и недостатокот на соработка помеѓу социјални претпријатија, јавните институции и приватниот бизнис. Период на имплементација на проектот 01.12.2021- 31.05.2023 година.

Специфични цели:

- Поддршка за основањето на нови и развојот на постојните социјални

претпријатија за да се обезбеди одржлив економски раст и да се подобри квалитетот на нивните услуги и производи;
- Поддршка на вработувањето на ранливите групи граѓани со што се создаваат нови и одржливи работни места следејќи го принципот – "Не оставај никој зад себе";
- Воспоставување на соработка меѓу социјални претпријатија/ГО, локалните бизниси и општините да го стимулираат зелениот економски раст, заштитата на животната средина и да ги подобрат социјалните услуги и нивното вмрежување;
- Подигнување на јавната свест за предностите на развојот на социјалните претпријатија и вклучување на ранливите групи во заедницата;

За Проектот: „Селото за градот, градот за селото "

Мисијата на компанијата е да развива производи што ќе ги задоволат разновидните потреби на потрошувачите, притоа обезбедувајќи и гарантирајќи висок органски квалитет и лесна достапност. Мотото на компанијата е „Купувај органско, купувај локално", вредности што ги промовира преку својата заштитена трговска марка „Зелена република".
Главна цел на проектот е да придонесе кон одржливо развој на руралните средини во Македонија преку зајакнување на малите земјоделски стопанственици за производство и пласман на производи и услуги според потребите на купувачите.
Проектот има цел да придонесе кон долгорочен одржлив развој на руралните средини преку зголемување на компетитивноста и пласманот на производите и на услугите на малите земјоделски стопанства на пазарот. Развојот на оваа стопанска гранка може да придонесе за зголемување на бројот на новоотворени работни места во самото примарно производство, но и во други непроизводствени гранки поврзани со секторот (пр. преработка, агротуризам и сл.) кои може да ги апсорбираат тешко вработливите лица.

Вработувањето ќе се изврши врз основа на договор на услуга во рамки на проектот за 6 месеци во временскиот период ноември/декември 2022 – мај 2023 година, со можност за продолжување за уште 3 месеци – август 2023.
По завршувањето на договорниот период за финансирање од страна на проектот, Аквапоника ДООЕЛ Увоз Извоз Скопје ќе изврши проценка на потребните позиции и согласно состојбата ќе ја продолжат или скратуваат

работната позиција во согласност со Правилникот за социјални услуги на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) на Република Северна Македонија, за продолжување или скратување на работната позиција.

Работно место 1
Главна пакувачка

- Организирање на бербените активности на дневна основа во согласност со пристигнатите нарачки
- Прием и евидентирање на набраните производи (салати, зеленчуци и овошје), како и на производите набавени од други производители
- Организирање, миење и соодветно складирање на набраните производи (салати, зеленчуци и овошје)
- Подготовка и пакување на производите (свежи салати) според утврдени рецепти
- Подготовка на неделни пакети и индивидуални нарачки според доставен список на нарачки
- Подготовка на производи за достава до супер-маркети
- Надгледување на помошниците за пакување
- Комуникација со дистрибутерот во врска со подготвените нарачки за дистрибуција
- Одржување на хигиената на просторот за пакување и на опремата во него на дневна основа
- Одржување на хигиената на кутиите и гајбите за пакување на дневна основа

Минимум услови

- Со какво било работно искуство во земјоделски активности
- Завршено минимум основно образование
- Основна писменост (читање и пишување) и основни математички вештини (мерење, претворање од една мерна единица во друга, собирање, одземање, множење)
- Основни дигитални вештини (вајбер, вацап, основно познавање на работа со компјутер)
- Одлични организациски способности
- Силни способности за деталност при извршување на работните обврски
- Силни меѓучовечки способности, тимска работа и комуникациски вештини

- Способност за работа под временски притисок
- Физичка подготвеност за кревање и пренесување на кратки расојанија тешки работи (максимум до 15 килограми)
- Здравствена способност за извршување на работната активност
- Да припаѓа на некоја од маргинализираните групи на граѓани (жена од рурална средина, социјално загрозени лица, лица со попреченост итн.)

Работно место 2

Помошен пакувач/земјоделски работник

- Помош при организирање, миење и соодветно складирање на набраните производи (салати, зеленчуци и овошје)
- Помош при подготовка и пакување на производите (свежи салати) според утврдени рецепти
- Помош при подготовка на неделни пакети и индивидуални нарачки според доставен список на нарачки
- Помош при подготовка на производи за достава до супер-маркети
- Одржување на хигиената на просторот за пакување и на опремата во него на дневна основа
- Одржување на хигиената на кутиите и гајбите за берење и за пакување на дневна основа
- Берење земјоделски производи (салати, сезонски зеленчуци, овошје)
- Извршување на разни земјоделски агротехнички мерки (чистење зелена маса, прашење, копање, правење леи, наводнување, филизање, отстранување заболени растенија и сл.)
- Помош при правење расад и при расадување на растенијата
- Помош при садење на растенијата

Минимум услови

- Со какво било работно искуство во земјоделски активности
- Завршено минимум основно образование
- Силни способности за деталност при извршување на работните обврски
- Силни меѓучовечки способности, тимска работа и комуникациски вештини
- Способност за работа под временски притисок
- Физичка подготвеност за кревање и пренесување на кратки растојанија тешки работи (максимум до 15 килограми)
- Здравствена способност за извршување на работната активност

- Да припаѓа на некоја од маргинализираните групи на граѓани (жена од рурална средина, социјално загрозени лица, лица со попреченост итн.)

Работно место 3
Главен земјоделски работник
- Помош при планирањето на правењето расад и бербата
- Организирање на дневните земјоделски активности на нива
- Надгледување на помошниците земјоделски работници
- Извршување на разни земјоделски агротехнички мерки (чистење зелена маса, прашење, копање, правење леи, наводнување, филизање, отстранување заболени растенија и сл.)
- Правење расад и расадување на растенијата според изготвен план
- Садење на растенијата според изготвен план
- Берење земјоделски производи (салати, сезонски зеленчуци, овошје)

Минимум услови
- Со работно искуство во земјоделски активности
- Завршено минимум основно образование или без основно образование
- Силни организациски вештини
- Силни способности за деталност при извршување на работните обврски
- Силни меѓучовечки способности, тимска работа и комуникациски вештини
- Способност за работа под временски притисок
- Физичка подготвеност за кревање и пренесување на кратки растојанија тешки работи (максимум до 15 килограми)
- Здравствена способност за извршување на работната активност
- Да припаѓа на некоја од маргинализираните групи на граѓани (жена од рурална средина, социјално загрозени лица, лица со попреченост итн.)

Аплицирање/Пријавување
Ги повикуваме кандидатите да достават целосна биографија на македонски јазик до 21/11/2022 (понеделник) на info@ceprosard.org.mk со наслов Апликација за Аквапоника.
Кандидатите ќе бидат известени за резултатот од изборот до 22.11.2022. Кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат повикани на интервју.
Сите пријави ќе се сметаат за доверливи, во согласност со барањата за заштита на личните податоци.

This project is funded by the European Union
EU with YOU
A project implemented by: CeProSARD

Процес на избор/селекција

Во „ЦеПроСАРД" ја поддржуваме различноста и ги охрабруваме да се пријавуваат кандидатите бидејќи цврсто се спротивставуваме на секоја форма на дискриминација врз основа на раса, религија, боја, пол, родов идентитет, сексуална ориентација, возраст, недисквалификувачки физички или ментален хендикеп или национално потекло.

Сите информации на пријавените лица ќе останат доверливи и ќе им бидат откриени само на овластени лица со цел да ги извршуваат своите должности. „ЦеПроСАРД" гарантира дека овластените лица кои ќе имаат пристап до личните податоци на пријавените лица, целосно ги почитуваат одредбите за заштита на податоците, додека и самите подлежат на регулаторна обврска за доверливост.

За какви било прашања или појаснувања, слободно контактирајте нè на info@ceprosard.org.mk